**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 917/2017**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Друштво за услуги и управување со недвижен имот КАМ ИМОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје со ЕДБ 4030994154797 и ЕМБС 4938585 и седиште на ул.Козле бр.53-2/МА 1/11 Карпош (по барање за извршување и извршна исправа Трговско друштво за внатрешен промет на големо и мало КАМФУД ДООЕЛ Скопје преку полномошник Адвокат Панче Нефтенов, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ 87/17 од 06.07.2017 година на Нотар Владимир Голубовски, против солидарните должници Друштво за трговија и услуги ФРИГОХОТ - ПП ПРОФИЛ ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4057013523580 и ЕМБС 6918336 и седиште на ул. Даскал Камче бр. 1-4/24 и Игор Томов од Скопје со живеалиште на ул. Даскал Камче бр. 1-4/24, за спроведување на извршување прекинато со заклучок за прекинување на извршување кога странката е правно лице по чл.30 став 4 од ЗИ од 25.12.2017 година на извршител Даница Страчкова од Скопје И.бр.917/2017, а продолжено по предлог на доверителот доставен преку полномошник адвокатска канцеларија Панче Нефтенов од Скопје врз основа на Пресуда 54 ТС-29/18 од 14.07.2021 година на Основен Граѓански суд Скопје потврдена со Пресуда ТСЖ 2176/21 од 24.03.2022 година на Апелационен Суд Скопје, во вредност 1.655.411,00 денари на ден 12.09.2023 година го составува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. Рото Печка со место за горилник, тип/модел инокс, со вредност од 135.289,00 денари;
2. Машина за пакување – Flow Pack, производител: RECORD, со вредност од 122.990,00 денари;
3. Машина за пакување чоколадо, со контролна табла, модел: MC-89, производител: KAWASHIMA Packing Machinery ltd, тип/модел: GW-4MC, сериски број: 8099, година на производство 2005, со вредност од 275.498,00 денари;
4. Дупликатор за држење температура на смеса, производител: MHXANHMATA ZAHAPOΠΛΑ∑ΤΙΚΗ∑, тип/модел: BP9∑THPA∑, 380 Volt, 22 Kw, сериски број: 1111, со вредност од 137.749,00 денари;
5. Дупликатор за држење температура на смеса, производител: MHXANHMATA ZAHAPOΠΛΑ∑ΤΙΚΗ∑, тип/модел: BP9∑THPA∑, 380 Volt, 22 Kw, сериски број: 1112, со вредност од 137.749,00 денари;
6. Индустриска машина за миење големи садови, производител: CLIVANEXPORT STEFANOU S.A. Volos, тип/модел: инокс, со вредност од 196.784,00 денари;
7. Тунел за ладење производи, составена од 5 демонтирани дела, производител: ECO Refrigerazione, тип/модел: CTE 351E8ED, сериски број: AC200616254, 28 Bar, година на производство 2006 година, со вредност од 309.935,00 денари;
8. Делилица за тесто со два калапи за сечење, тип/модел: Инокс, со вредност од 157.427,00 денари;

кои вредности по предлог на доверителот претставуваат почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Записник за попис и процена на подвижни предмети по чл.103, 104 и 105 од ЗИ И.бр.917/2017.

**Продажбата ќе се одржи на ден 29.09.2023 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.**

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање за предметот.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: солидарни должници
Доверител

X

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.